ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 57/22-2
06.10 2022 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, согласно член 88 став 1 и 3, член 39 став 11 од Законот за судовите, Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.14 од 20.01.2022 година), на ден 06.10.2022 година, ја донесе следната:

# *ОДЛУКА*
## *за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2022 година 03-Су.бр.57/22 од 26.01.2022 година и 03-Су.бр57/22-1 од 14.07.2022 година*

**член 1**

Во глава III Оддел за граѓански дела

Точката **В.I. Во Одделот за граѓански дела се распоредуваат судиите СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

**„В.I Во Одделот за граѓански дела се распоредуваат судиите:**

1. **Беса Адеми**
2. **Васил Грчев**
3. **Владимир Стојаноски**
4. **Јелица Крстевска**
5. **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија**
6. **Исамедин Лимани**
7. **Шпенд Деваја**
8. **Наке Георгиев "**

**Член 2**

Во глава III Оддел за граѓански дела
Точката **В.III СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

**„В.III. Првиот совет од петмина судии** кои ќе постапуваат по предметите **Рев1, Рев2 и Рев3, ќе се формира на следниот начин:**

1. **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија – претседател**
2. **Васил Грчев – член**
3. **Владимир Стојаноски - член**
4. **Исамедин Лимани - член**
5. **петиот член во првиот совет ќе биде од двајцата судии членови на вториот совет кои ќе ротираат според одлуката за избор.**

Претседателот на советот, судијата **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија** не се задолжува со предмети".

**Член 3**

Во глава III Оддел за граѓански дела
Точката **В.IV СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

„**В.IV. Вториот совет од петмина судии** кои ќе постапуваат по предметите **Рев1, Рев2 и Рев3, ќе се формира на следниот начин:**

**1. Шпенд Деваја – претседател**
**2. Јелица Крстевска – член**
**3. Наке Георгиев - член**
**4. четвртиот член во вториот совет ќе биде од тројцата судии членови на првиот совет кои ќе ротираат според одлуката за избор.**
**5. петиот член во вториот совет ќе биде од тројцата судии членови на првиот совет кои ќе ротираат според одлуката за избор.**

Претседателот на советот, **судијата Шпенд Деваја** не се задолжува со предмети.

Судиите кои ќе учествуваат како петти член во првиот совет односно како четврти и петти член во вториот совет нема да реферираат предмети во тие совети."

**Член 4**

Во глава IV Оддел за судење во разумен рок
Точката **Г. I. СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

**„Г.I. Во овој Оддел се распоредуваат судиите:**
1. **Васил Грчев**
2. **Владимир Стојаноски**
3. **м-р Фаик Арслани**
4. **Јелица Крстевска**
5. **д-р Џемали Саити**
6. **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија**
7. **Исамедин Лимани**
8. **Африм Фидани**
9. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска**
10. **м-р Сафет Кадрии**
11. **Наке Георгиев"**

**Член 5**

Во глава IV Оддел за судење во разумен рок
Точката **Г. IV. СТАВ 3 СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

„Во случај на отсуство и спреченост и заради други оправдани причини претседателите и членовите на советите меѓусебно ќе се заменуваат, а за заменик член се определува и судијата **Шпенд Деваја** или друг судија кој не учествувал во ниту една фаза од постапката по конкретен предмет."

**Член 6**

Во глава IV Оддел за судење во разумен рок
Точката **Г. VI. СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

„За одлучување по жалбите против решенијата на советот од тројца судии по барањата за заштита на правото за судење во разумен рок согласно Законот за измена и дополнување на Законот за судовите (член 36-а), се определува **совет од петмина судии** во следниот состав:

**1. Снежана Ѓорѓиеска Зекирија – претседател**
**2. Васил Грчев - член**
**3. Владимир Стојаноски - член**
**4. м-р Фаик Арслани - член**
**5. Јелица Крстевска - член"**

**Член 7**

Во глава **IV** Оддел за судење во разумен рок
Точката **Г. VIII. СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

**"Г.VIII.** Во случај на отсуство и спреченост и заради други оправдани причини, за заменик член се определува судијата **Цветанка Periќ** или друг судија кој не учествувал во ниту една фаза од постапката по конкретен предмет."

**О б р а з л о ж е н и е**

Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судиите за 2022 година ја донесува Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија од причина што со уверение на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.07-56/1 од 15.09.2022 година Мирјана Радевска Стефкова судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија на изборите спореведени на ден 14.09.2022 година е избрана за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите.

Последниот избор на судија за член на Судсиот совет и претходните пензионирања на судии придонесе за драстично намалување на бројот на судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија, кој во моментот функционира со 14 судии вклучително и Претседателот на судот.

Ваквата состојба значително се одрази и на Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судиите за 2022 година.

Од наведените причини се наметна потребата за ангажирање на повеќе судии како заменици претседатели и членови во советите, како и формирање времени совети по конкретни предмети со определувањето претседатели и членови на советите од редот на судиите кои не учествувале во ниту една фаза од постапката.

Потребата од формирање на времени совети по конкретни предмети е поради голем број на барања за изземање на судии кои учествувале во некоја претходна фаза од постапката по истиот предмет.

Согласно измените во составот на советите, предметите кои се со автоматска распределба доделени на судиите, а истите не се реферирани или не е донесена одлука, автоматски ќе се прераспределат преку АКМИС Програмата, согласно одредбите од Судскиот деловник.

Согласно измените во составот на советите, предметите кои се наоѓаат во работа кај судиите, а се реферирани или е донесена одлука, да се завршат во истите совети.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по нејзината правосилност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ВРХОВНИОТ СУД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Беса Адеми

НАПОМЕНА: Согласно член 39 став 11 од Законот за судовите, против Одлуката, судијата може да поднесе приговор во рок од 3-три дена по приемот на истата.

Доставено до:
- Судиите
- Судскиот администратор
- водители на писарници
- сметководство
- ИТ центар
- архива

АМ/